07-925/15
13 12 2013

Врз основа на член 21 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), а во согласност со член 65 став (6) од Законот за животната средина (IСлужбен весник на Република Македонијав бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12 и 93/13), Советот на Општина Новаци, на ден 13.12.2013 година., донесе:

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **План за управување со отпад на Општина Новаци 2014.-2019.** кој го донесува **Советот на Општина Новаци, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина,** согласно со член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12 и 93/13) **.**

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Новаци на следната веб адреса: **www.opstinanovaci.gov.mk**

3. За планскиот документ **План за управување со отпад на Општина Новаци 2014.-2019.,** за чија изработка е одговорен **градоначалникот на Општина Новаци**, а го донесува **Советот на Општина Новаци**, донесувањето на планскиот документ **План за управување со отпад на Општина Новаци 2014.-2019.** ќе нема влијанија врз животната средина.

4. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12 и 93/13) и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **План за управување со отпад на Општина Новаци 2014.-2019.** нема да има влијание врз животната средина од следните причини:

**Овој плански документ е изработен согласно со Националниот план за управување со отпад на Република Македонија, што е потврдено со решение за одобрување на планот бр. 11-9273/85 од 26.11.2013. на Министерството за животна средина и просторно планирање, и како хиерархиски понизок документ во однос на Националниот план, нема дополнителна потреба од спроведување на постапка за стратешка оцена на влијанијата врз животната средина.**

5. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

6.Одлуката ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Совет на Општина Новаци
Претседател
Пецо Мицевски